О П Ш Т И Н А Д Е Л Ч Е В О
Градоначалник
Ул: "М.М.Брицо" бр. 40, Делчево
тел: 033/413-521 факс: 033/411 550
www.delcevo.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Број 4
09.05.2008 година

Службен гласник на Општина Делчево
Излегува по потреба
Гласникот е бесплатен

Уредува
Сектор за правни и општи работи
и ЛЕР

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Делчево, донесува

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на актите од 28-та седница**
**на Советот на Општина Делчево**

И

Да се објават во "Службен гласник на Општина Делчево" актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на својата редовна 28.седница, одржана на ден 08.05.2008 година и тоа:

1.Одлука за формирање на Локален Совет за Превенција;

2.Одлука за одобрување на приоритетни објекти за апликација по Програмата за рехабилитација и реконструкција на регионалната и локалната патна мрежа преку Фондот за магистрални и регионални патишта на РМ;

3.Одлука за организирано собирање на комунален цврст отпад во руралните населби во општина Делчево;

4.Одлука за одржување,користење и заштита на водоснабдителниот систем брана "Лошана" ;

5.Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за периодот од 01.01. 2008 година до 31.03. 2008 година;

6.Одлука за измена на Одлуката за определување на висината на надоместокот за издавање на лиценца за вршење на угостителска дејност;

ИИ

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Делчево"

**Број 08-349/1** **Градоначалник**
**09.05.2008 година** **на Општина Делчево**
**Д е л ч е в о** **Мирко Иванов,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62, став 1 од Законот за локалната самоуправа (,, Сл.весник на РМ,, бр.5/2002), а во врска со член 11, став 3 и член 25, став 3 од Законот за полиција (,, Сл.весник на РМ,, бр.114/2006), Советот на Општина Делчево, на својата 28.редовна седница, одржана на ден 08.05. 2008 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За формирање на Локален Совет**
**за Превенција**

Член 1

Се формира Локален Совет за Превенција како советодавно и координативно тело, заради остварување на соработка и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на полицијата.

Член 2

Целта на Локалниот Совет за Превенција се состои во изградба на заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на општина Делчево, како и градење на доверба и партнерски односи во превенирањето на појавите што влијаат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Член 3

Локалниот Совет за Превенција е составен од претставници на локалната и централната власт, како и други владини и невладини организации.

Член 4

Со Локалниот Совет за Превенција заседава Градоначалникот на Општина Делчево, Мирко Иванов.

Претставници во Советот од член 1 на оваа одлука се:

1.Николина Попчева, Јавен обвинител-Основно јавно обвинителство-Делчево;
2. Горан Николовски, Командир на Полициска станица - Делчево;
3. Дарко Стоименовски-инспектор по превентива;
4 .Кирчо Иванов, Претседател на Советот на Општина Делчево;
5. Атанас Атанасовски, член на Советот на Општина Делчево;
6. Николчо Атанасовски, член на Советот на Општина Делчево;
7. Стево Гугучевски, член на Советот на Општина Делчево;
8. Милка Христова, член на Советот на Општина Делчево;
9. Горан Георгиевски, член на Советот на Општина Делчево;
10. Зекир Абдулов, претставник на ХДЗР "КХАМ"-Делчево;
11. Зенил Реџепов, претставник на ЗГ КУД "Гоце Делчев";
12. Ванчо Новоселски советник за образоваие, култура и спорт при ЕЛС Делчево;
13. Влатко Даневски, претставник од ПЕ на Фондот за здравство на РМ-Делчево;;

14. Претставници од религиозните заедници-Атанас Поповски (МПЦ "Св.Богородица" и

15. Демир Јашаровски (ИВЗ- Делчево);

16. Џулиета Мемедова-Претседавач на СГГ;

17. Владо Стоименовски-Претставник на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи-Делчево;

18. Бистра Господинова Јаневска-Раководител на Одделението за комунални дејности, урбанизам и заштита на животната средина при ЕЛС Делчево;

19. Ѓорѓи Јанковски-Раководител на Одделението за уредување на градежно земјиште, изградба, реконструкција и одржување на улици при ЕЛС Делчево;

20. Митра Илиевска-Републички пазарен инспектор-ПЕ Делчево;

21. Крум Николовски- Комунален инспектор и овластен инспектор за заштита на животната средина;

22. Димитар Арсов-Раководител на Секторот за правни и општи работи, јавни дејности и ЛЕР;

23. Љупчо Ѓеорѓиевски-дописник на МТВ од Делчево;

24. Весна Димитровска-НВО МЕЦ "ЕУРО СКАЈ"-Делчево;

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 07-342/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**08.05. 2008 година** — **Претседател,**
**Д е л ч е в о** — **Кирчо Иванов,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и Програмата за рехабилитација и реконструкција на регионалната и локалната патна мрежа преку Фондот за магистрални и регионални патишта (ФМРП) , Советот на Општина Делчево, на својата 28.седница, одржана на ден 08.05. 2008 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За одобрување на приоритетни објекти за апликација по Програмата за рехабилитација и реконструкција на регионалната и локалната патна мрежа преку Фондот за магистрални и регионални патишта (ФМРП)**

Член 1

Се одобрува листата на приоритетни објекти за апликација по Програмата за рехабилитација и реконструкција на регионалната и локалната патна мрежа преку Фондот за магистрални и регионални патишта (ФМРП) како што следува :

1. Реконструкција на локален патен правец Л-2 Делчево-Полето-Киселица-Селник-Драмче-Вратиславци ("Балтачко маало");

2. Реконструкција на Локален патен правец Л-17, отклон од пат 523-Стар Истевник;

3. Реконструкција и рехабилитација на локален патен правец Л-3 Делчево-Очипала-Драмче-Вратиславци (Илиовско маало);

4. Рехабилитација и доградба на локален патен правец Л-10, отклон од пат М-5-Илиово-Турија;

5. Рехабилитација на локален патен правец Л-14- Отклон од пат Р-523- с.Стамер;

6. Рехабилитација на локален патен правец Л-5, Делчево-с.Ѕвегор (стар пат);

7. Рехабилитација на локален патен правец Л-7-, Делчево-Косово Дабје-Бигла-Турија (стар пат).

Член 2

Се задолжуваат стручните служби при Општина Делчево да ја припремаат целокупната техничка документација ( изработка на идејни и основни проекти, прибавување на Одобрение за градење и други акти) за поднесување на апликации по усвоената приоритетна листа по оваа Одлука.

Член 3

Апликациите се поднесуваат до Фондот за магистрални и регионални патишта на Републка Македонија по Програмата за рехабилитација и реконструкција на регионалната и локалната патна мрежа и истите ке бидат во 5 (пет) фази согласно процедурите на Светска банка, и тоа :

1.Прва фаза - до 31-ви мај 2008 година
2.Втора фаза - до 1-ви септември 2008 година
3.Трета фаза- до 31-ви декември 2008 година
4.Четврта фаза - до 31-ви мај 2009 година
5.Петта фаза - до 1-ви септември 2009 година

Член 4

Оваа Одлука е составен дел на техничката документација за апликација по Програмата за рехабилитација и реконструкција на регионалната и локалната патна мрежа.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево.

**Број 07-343/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**08.05. 2008 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Кирчо Иванов,с.р.**

Врз основа на член 19,21 и 22 од Законот за управување со отпад („Сл.весник на РМ„ бр. 68/2004) и член 22 став 1 точка 2 и 4 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр. 5/2002), член 13 став 1, алинеја 1 и 3 од Статутот на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево на својата 28.редовна седница одржана на ден 08.05. 2008 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за организирано собирање на комуналниот цврст отпад во руралните населби во општина Делчево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се регулира организирано собирање на комуналниот цврст отпад во руралните населби во општина Делчево.

**Член 2**

Собирањето и депонирањето на комуналниот цврст отпад во населените места Габрово, Ѕвегор, Стамер, Град, Вирче и Трaботивиште се врши континуирано во текот на цела година од страна на ЈПКД ,,Брегалница,, - Делчево.

**Член 3**

Се задолжува ЈПКД ,,Брегалница,,- Делчево да изготви програма за начинот, динамиката и цената за собирањето на депонираниот комунален цврст отпад.

**Член 4**

ЈПКД ,,Брегалница,,-Делчево е должно да заклучи договори со претставниците-претседателите на месните заедници и сопствениците на трговско, угостителските и производните фирми.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 07-344/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**08.05.2008 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Кирчо Иванов,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 8 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 35 став 1 од Законот за води ("Сл.весник на РМ" бр.4/98), член 3 став 1 точка 16 и член 4, став 1 и 2 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води ("Сл.весник на РМ" бр. 68/2004), Советот на Општина Делчево, на својата редовна 28.седница, одржана на ден 08.05.2008 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за одржување, користење и заштита**
**на водата од водоснабдителниот систем**
**Брана "Лошана"**

Член 1

Се дава на одржување, користење и заштита водоснабдителниот систем брана "Лошана", со придружните објекти на Јавното претпријатие за комунални дејности "Брегалница" - Делчево, како давател на услуга за снабдување со вода за пиење.

Член 2

ЈПКД "Брегалница" - Делчево како давател на услуга се обврзува да врши редовно одржување на браната со нејзините придружни објекти, според годишните планови и во согласност со документацијата за техничко набљудување на браната.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл.гласник на Општина Делчево, а истата е со рок на важење од 5 години, сметано од денот на влегувањето во сила.

**Број 07-345/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**08.05. 2008 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Кирчо Иванов,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делжево, на својата 28.редовна седница, одржана на ден 08. 05. 2008 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Кварталниот извештај**
**за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево**
**за период 01.01.2008 - 31.03.2008**

1.Се усвојува Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за периодот 01.01.2008 година - 31.03. 2008 година.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-346/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**08.05. 2008 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Кирчо Иванов,с.р.**

Врз основа на член 21 став 2 од Законот за угостителска дејност ("Сл.весник на РМ" бр.62/2004), Советот на Општина Делчево , на својата 28 редовна седница, одржана на ден 08.05.2008 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за измена на Одлуката за определување на висината на надоместокот за издавање на лиценца за вршење на угостителска дејност**

Член 1

Се врши измена на член 1 од Одлуката за определување на висината на надоместокот за издавање на лиценца за вршење на угостителска дејност на подрачјето на Општина Делчево и истиот ќе гласи:

"Се определува висината на надоместокот за издавање на лиценца за вршење на угостителска дејност и тоа:

-за кабаре во денарска противвреденост од 2500 евра;

-за ноќен бар во денарска противвредност од 5.500 евра, и

-за затворен диско - клуб и диско - клуб на отворен простор во денарска противвредност од 7.5

00 евра".

Член 2

Лиценцата за вршење на угостителската дејност од членот 1 на оваа Одлука ја издава Министерството - надлежно за работите од областа на угостителството.

Член 3

Надоместокот утврден во членот 1 на Одлуката, 50% се уплатува на име на Општина Делчево, а 50% на Буџетот на РМ, во денарска противвредност според средниот курс на Народна Банка на РМ, на денот на уплатата.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево"

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да се применува Одлуката бр.07-1231/1 објавена во "Сл.гласник на Општина Делчево" бр.14 од 28.08.2006 година.

**Број 07-347/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**08.05.2008 година** — **Претседател,**
**Д е л ч е в о** — **Кирчо Иванов, с.р.**